# ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПКД ОБЛЕШЕВО ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУЛИ 2023 ГОДИНА

Јавно претпријатие за комунални дејности ОБЛЕШЕВО
Бр. 01-218/1
15.07.2023 год.
Чешиново-Облешево

ЈПКД ОБЛЕШЕВО е основано од страна на Советот на тогашната општина Облешево, кој на седницата одржана на ден 30.10.1997 донесе : **Акт за основање на Јавно Претпријатие за Комунални дејности во општина Облешево.**

Со законот за измена на законот за територијална организација на Република Македонија (Сл. весник бр. 12/2005), општините Чешиново и Облешево се споени во една општина Чешиново-Облешево со седиште во Облешево.

## ОРГАНИЗАЦИСКА И КАДРОВСКА СТРУКТУРА

ЈПКД Облешево е организирано преку Административно-стручна служба која е составена од Административен оддел и Стручен оддел. Заклучно со 30.06.2023 година состојбата на вработени е 10 вработени на неопределено, и директор на определено време.

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ

Управен Одбор составен од 5 члена избрани од Советот на општината.
Надзорен Одбор составен од 5 члена избрани од Советот на општината.
Директор именуван од Градоначалникот на општината со мандат од 4 години, почнувајќи од 21.09.2022 год..

Управниот Одбор во 2018 донесе нов Статут заведен под број 01-265/2 (11.06.2018) за кој претпријатието обезбеди согласност од Советот на општината. Во овој период Статутот претрпе мали измени поради усогласување со Законот за јавни претпријатија, по што се извади негов Пречистен текст, заверен под број 01-689/1 од 01.09.2022 година.

Платниот промет претпријатието го извршува преку сметка која ја поседува во Стопанска Банка Скопје, со бр. 200000026161086, и Комерцијална Банка 300050000186128.

## ОСВРТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПКД ОБЛЕШЕВО ПО ДЕЈНОСТИ

Работните активности кои што ги спроведе ЈПКД Облешево во периодот за кој се однесува овој Извештај беа насочени кон оддржување на континуитетот на секоја дејност како и јакнење на квалитетот на услугите од јавен карактер.

## ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

ЈПКД Облешево врши услуга на во сервисното подрачје на одговорност на територијата на општина Чешиново –Облешево. Во областа на водоснабдување настојуваме да одржиме континуирано снабдување на водоводните мрежи во двете населени места, како пропишаното ниво на санитарна исправност на водата за пиење.

Вкупниот број на корисници на услугата водоснабдување е 408. Структурата на корисниците по категорија на потрошувачи е дадена

| Корисници на услугата според категоријата на потрошувачи | |
|---|---|
| Корисници на услугата за вода - домаќинства | 400 |
| Корисници на услугата за вода - останати | 8 |
| Корисници на услугата за вода - локална самоуправа | 0 |
| Корисници на услугата ВКУПНО | 408 |

Вкупниот број на корисници на услугата канализација пак изнесува Структурата на корисниците по категорија на потрошувачи е дадена

| Корисници на услугата според категоријата на потрошувачи | |
|---|---|
| Корисници на услугата за вода - домаќинства | 458 |
| Корисници на услугата за вода - останати | 20 |
| Корисници на услугата за вода - локална самоуправа | 1 |
| Корисници на услугата ВКУПНО | 479 |

Состојбата со исправноста на водата редовно се следи од страна на Центарот за Јавно Здравје Кочани, со кои секоја година склучуваме договор за анализа на

исправноста на водата. Водата редовно се хлорира според пропишан Правилник за исправност на водата за пиење.

Во оваа дејност како најголеми тешкотии во работењето ги издвојуваме:

- Зголемени трошоци за електрична енергија
- Загуби на вода како последица на застарената инфраструктура за водоснабдување;
- Значителни количини вода за која не се испорачани фактури, чиј главен дел е токму загубата на вода спомната погоре;
- Слаба оперативна ефикасност на претпријатието;
- Голем процент на ненаплатени сметки;

Заклучно со 30.04.2023 користевме субвенционирана цена на електрична енергија што во голема мера помогна да се ублажи ударот кој го предизвикаа енормно зголемените сметки за струја.

Во овој период (месец Март) беше пуштена во употреба и трета бушотина на водоводот во с.Спанчево, реализирана од страна на општината во содејство со донатор од локалниот економски сектор - фирмата Хапа-Фарм. Со ставањето во употреба на овој бунар се обезбеди доволно количество вода за потребите с.Спанчево, со што е надминат недостатокот и во највисоките зони, па така се укинаа рестрикциите во снабдувањето кои претходно беа неминовни.

Согласно обврските од Законот за утврдување на тарифи за водни услуги, изготвен и уредно поднесен до Регулаторната Комисија е Годишниот Извештај за спроведување на утврдените тарифи на водни услуги за 2022 година

## СОБИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Во оваа дејност дојдовме до стадиум кога со услугата конечно се опфатени сите населени места во општината. Собраниот смет од населените места во општината се депонира на депонијата Букески Дол. И покрај тоа што од ресорното Министерство беше најавено дека депонирањето на отпад во источниот дел од РМ ќе се врши само на неколку депонии а останатите ќе бидат затворени, сеуште нема никакви измени досегашното работење и депонирање на сметот овој проект очигледно се доцни, па се дотогаш ние отпадот ќе го сервисираме по постоечкиот воспоставен режим.
Редовно расчистување на насобраниот депониран смет се врши самостојно со сопствената механизација Дневниот распоред на собирање на смет од наслелените места е следниот:

- Понеделник: Облешево и Теранци
- Вторник: Спанчево
- Среда: Чешиново, Уларци, Кучичино и Бурилчево

- Четврток: Соколарци, Жиѓанци и Новоселани
- Петок: Бање, Чифлик, Кучичино и Бурилчево

**ПАЗАР**

Стопанисувањето со сточниот пазар е дејност која се почесто трпи последици, што се одразува и на остварените приходи од негово работење. Како најголема причина за ова е намалувањето на сточниот фонд воопшто во регионот, но и разни рестрикции кои периодично се наметнуваат од надлежните. Така во најголем дел од периодоод кои за цело времетраење на овој период на сила е забраната за продажба на секаков вид на добиток на сточните пазари.

**ОДДРЖУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИЈА**

Како одржувачи на канализационата мрежа во населените места Облешево, Кучичино, Спанчево и Бање редовно вршиме проверка на мрежата и санација на настанатите дефекти. Во овој период се настанати 2 запушувања во Облешево и 1 во Кучичино. Запушувањата настануваат од несовесно однесување на граѓаните со испуштање на недозволени материи и предмети во мрежата.

И понатаму како еден од проблемите со кој се соочуваме во делот на оддржување на канализационата мрежа е големиот број на приклучоци на атмосферска вода во канализационата мрежа. Ваквата појава во голема мера пречи во прифаќањето на отпадната вода посебно во услови на зголемени врнежи, кога брзо доаѓа до презаситување на мрежата и излевање на отпадната водата на улиците. Сепак, треба да се признае дека во постоечката ситуација донекаде ова е неизбежно поради затрупаните одводни вади за атмосферски води, што е особено проблем во рамничарските села .

**ОДДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА**

Во делот на оддржувањето на гробиштата редовно се вршат работни активности со цел да се подобри хигиенската слика во гробиштата,

**ОДДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ**

Активностите за одржување на јавното зеленило на територијата на општина Чешиново-Облешево секоја година поблиску се уредуваат со Програмата за оддржување на зелените површини, со која е предвидено одржување на:

- Паркот и пазарот во Облешево;
- Просторот пред месната заедница и зелениот појас покрај магистралниот пат во Облешево;
- Паркот во Чешиново и просторот пред старата општинска зграда;
- Новоизграден парк с.Соколарци;
- Фудбалско игралиште Чешиново;
- Хортикултурно-уредените површини во населените места низ општините;
- Банкините од локалните патиштата кои ги поврзуваат населените места во општината;

Одржувањето на зелените површини ги опфаќа следните активности:

- Косење и наводнување на тревни површини;
- Одржување на пешачки стази, клупи, корпи за отпад;
- Одржување на летниковците во населените места;
- Нега на постојните и засадување на нови садници, варосување на дрвја, кастрење на гранки;
- Чистење и одстранување на сметот од зелените површини и детски игралишта;

Оваа дејност се финансира од општината по доставени месечни ситуации врз основа на финансиската конструкција во програмата.
Во извршувањето на дејностите од особена помош се и сезонско ангажираните работници кои секоја година се ангажираат преку општина Чешиново-Облешево.
Оваа група
Програмата за јавни работи донесена од општинскиот Совет, работните активности за оддржување на зеленилото се вршат со сезонските работници примени на времен ангажман во ЈПКД Облешево. Со групата сезонски работици беа вршени следните работи:

- Оддржување на игралиштето во с.Чешиново;
- Оддржување на парковите во с.Чешиново, с.Облешево и с.Соколарци;
- Косење на патиштата во општината;
- Косење на дворовите во детската градинка во Облешево;
- Уредување на површини во селата;
- Чистење и метење на прометни улици и локации;
- Чистење на селските гробишта;
- Отстранување на дефекти и пречки во инфраструктурата;
- Други работи од општ интерес;

## ОДДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Активностите во оваа дејност се состојат од тековно одржување на оној дел од мрежата кој не е опфатен со извршената реконструкција во 2020 година, а се состои од околу стотина светилки, како и санирање на дефекти кои тековно се случуваат. За видот и обемот на извршените активности до Советот на општината редовно се доставувува информација на месечна основа.

## ОСТАНАТИ ДЕЈНОСТИ

### Зимско оддржување на патишта

Зимското одржување го извршуваме самостојно, за што располагаме со градежна машина со вграден нож за снег, и приклучна машина за расфрлање на сол. доволни. Во зимскиот дел од овој период немаше снежни врнежи, па согласно ова не бележиме и интервенции.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Дејностите кои ги врши ЈПКД Облешево во служба на граѓаните, со цел да допринесе за зголемување на квалитетот на живеење, во изминатиот период од наша страна се вршени континуирано, квалитетно и навремено.

Реално е да се каже дека состојбата на секојдневни финансиски тешкотии со кои се соочуваме ја загрозува и самата испорака на услугите. Од друга страна, не е доволно само да се покријат тековните трошоци на работењето. Во многу случаи и тоа како постои потреба да се подобрат квалитетот на услугите и сигурноста на нивното обезбедување, за што се потребни дополнителни ресурси. Проширувањето на опсегот на работа, што опфаќа преземање на водоводите од преостанатите населени места во општината е предизвик на кој мора поактивно да се делува, а од друга страна уште една област за која се потребни уште повеќе пари. Јасно е дека претпријатието треба да го стабилизира и континуирано да го зајакнува својот готовински тек, во спротивно, справувањето со бројните предизвици со кои е соочен секторот едноставно нема да биде можно

Во продолжение ги представуваме финансиските показатели за работењето во периодот, преку двата финансиски извештаи за првото и второто тромесечие од 2023 година:

# **И З В Е Ш Т А Ј**

За финансиско-материјално работење на ЈПКД Облешево од
с. Облешево од 01.01.2023 до 31.03.2023 година.

Приходи

| | |
|---|---|
| Приходи од пазар | 9090 |
| Приходи од вода | 318169 |
| Приходи од резервации | 22200 |
| Приходи од приклучок за канализација | 4500 |
| Приходи од смет | 1098900 |
| Приходи од фактурирано одржување на гробишта | 234750 |
| Приходи од фактурирано одржување на јавното осветлување доставени во период кој е нагласен по извештајот | 44067 |
| Приходи од фактурирано прочиститување на отпадни води | 7945 |
| Вкупно | 1739621 |

Трошоци

| | |
|---|---|
| Потрошен канцелариски материјал(хартија,пенкала,тонери) | 18622 |
| Дизел гориво,бензин и моторно масло(за постројки и опрема) | 1525 |
| **Електрична енергија** | 149331 |
| Гориво за товарни возила по фактури доставени во периодот на извештајот | 101302 |
| Поштенски услуги | 307 |
| Телефонски услуги | 6120 |
| Одржување на водовод | 28013 |
| Услуги за одржување на софтер и веб страница | 2600 |
| Услуги за сервис и одржување на моторни возила(патнички,товарни ) | 43900 |
| Вкалкулирани бруто плати | 1007896 |
| Персонален данок на надоместоци на плата за вработени и дел за договор за дело | 21002 |
| Банкарски услуги | 9118 |
| Членарини на здруженија,фондови,туристички сојузи и слично | 2000 |
| Трошоци за договор за дело исплатени од претходен и сегашен период за во нето износ | 189000 |
| Консултантски,советодавни и сметководствени услуги | 38360 |
| Трошоци за ситен инвентар | 2106 |
| Регистрација на возила | 11668 |
| Трошоци за одржување на зеленило | 1381 |
| Трошоци за одржување на канализација | 407 |

ПЕРИОДИЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПКД ОБЛЕШЕВО ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУЛИ 2023 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| Услуги за одржување на софтер и веб страница | 3900 |
| Услуги за сервис и одржување на моторни возила(патнички,товарни ) | 3086 |
| Вкалкулирани бруто плати | 1520965 |
| Персонален данок на надоместоци на плата за вработени и дел за договор за дело | 32335 |
| Банкарски услуги | 11751 |
| Членарини на здруженија,фондови,туристички сојузи и слично | 3000 |
| Трошоци за договор за дело исплатени од претходен и сегашен период за во нето износ | 291000 |
| Консултантски,советодавни и сметководствени услуги | 28320 |
| Услуги за тековно и инвестиционо одржување | 5067 |
| Регистрација на возила | 2742 |
| Трошоци за одржување на јавно осветлување | 975 |
| Трошоци за одржување на зеленило | 28755 |
| Трошоци за одржување на депонија | 37000 |
| Синдикат ЈПКД | 1380 |
| Синдикат Скопје | 1380 |
| Услуги за одржување алат инвентар | 10932 |
| Реклама Оглас | 8331 |
| Репрезентација недонесени фактури од претходен период | 31680 |
| Камати за ненавремено платени јавни давачки | 888 |
| ВКУПНО: | 2369865 |

ЈПКД Облешево Директор
Дејан Анакиев